**20241552683**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за катастар на недвижности,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јули 2024 година.

Бр. 08- 3723/1
23 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19) во член 173 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Запишаните прибележувања на одобренија за градење кои не се предбележани, не претставуваат пречка за укнижувањето на правото на сопственост на градбата и истите се бришат по службена должност од страна на Агенцијата, со укнижувањето на правото на сопственост на градбата.

(5) Одредбата од ставот (4) на овој член се однесува само во случаите кога се укнижува правото на сопственост на недвижните ствари во државна сопственост, врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.